**КАРПОШ**

**НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН**
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# IDF – SKOPJE - МОЌТА НА ТАНЦОТ

Општина Карпош, уште еднаш, како домаќин имаше можност, да ја покаже големата магија на танцот за сите намерници и љубители на занесната игра. Четвртиот Интернационален танц-фестивал (International dance festival – IDF – Skopje), што се одржа во саботата на 24 мај, во Спортско рекреативниот центар „Форца", беше извонреден спој на фантастична музика и волшебни кореографии, кои на големо ја славеа моќта на танцот да ги исполни гледачите со позитивна енергија и емоции. Во организација на танцовото студио „Ребис" и финансиски поддржан од Општина Карпош и од Министерството за култура, овој веќе традиционален настан на едно место собра повеќе од 1.000 танчери и речиси 25 танцови студија и школи од земјава и од странство, а опфати 140 танцови точки. Со прекрасни кореографии во 30 различни видови танц, учесниците се натпреваруваа според возраста, во четири категории. Четиричленото меѓународно жири имаше навистина тешка задача да ги одреди 30-те најдобри, кои беа наградени со пехари, а во секоја категорија, со медали, беа наградени и освојувачите на првите три места. Покрај тоа, сите натпреварувачи добија и благодарници за учеството. Круна на целодневниот натпревар беше вечерниот гала-концерт, на кој настапија токму најдобрите во сите категории, на големо задоволство на публиката, која до последното седиште ја исполни спортската сала. - Целта на ова натпреварување е, пред сè, меѓусебната дружба на танчерите, нивното поврзување и можност за нивна соработка. Но, покрај тоа, Интернационалниот танц-фестивал е своевиден простор и за нивна промоција зашто дипломите, медалите и пехарите што овде ги стекнаа се интернационално признати, токму како и самиот натпревар, кој е одобрен од Европската танцова федерација.





Се разбира, тенденцијата на организацијата на овој настан е да обезбеди и уживање за публиката, зашто неоспорно е дека магијата на танцот е нешто што навистина понесува – вели организаторот на настанот, Амел Амед, и додава дека очекува в година, петтиот јубилеен фестивал да биде уште поуспешен и во Скопје да донесе повеќе од 2.000 танчери.











# САКАМ ДА ГО ДОПРАМ ВРВОТ КАКО РОНАЛДО

Дека Карпош има таленти докажуваат многубројните умешни млади жители на оваа голема општина. Нивните заложби во спортот се од големо значење за нивниот понатамошен развој во кариерата, но, пред сè, за добро здравје. Васко Распашковски е едно од тие талентирани момчиња кои неуморно и со цело срце го докажуваат талентот што го поседуваат, и тоа во најпопуларниот спорт - фудбалот. За него, овој спорт е многу важен и понатамошната кариера планира да ја продолжи токму како играч во првиот тим на неговиот сегашен клуб „Вардар“. Фудбалот е спорт кој бара голема концентрација, издржливост, упорност и многу љубов. Сите овие особини ги поседува младиот Васко Распашковски кој со задоволство зборуваше за своите почетоци и за плановите за понатамошната кариера. Кој беше „виновникот“, односно поттикнувачот за да се занимаваш со овој спорт и максимално да му се посветиш? - Дефинитивно, тоа беше дедо ми. Тој, уште од моите четири-пет години, ми ја додаваше топката со нога, ми даваше да шутирам. Секогаш ме носеше со себе и никогаш не пропуштавме натпревари кои се играа на Градски стадион, на кој играа тогашните фудбалери на „Вардар“. Кога почна да тренираш фудбал, а кога кај тебе се појави желбата за овој, да речеме, напорен спорт, со оглед на тоа што непрекинато се трча 90 минути?

- Да, така е, доста е долго времето за трчање по топката, но, верувајте, мене ми е тоа секојдневно и воопшто не ми претставува тешкотија и замор. Јас овој спорт го засакав уште на петгодишна возраст кога првпат ја шутнав топката со мојот дедо. Оттогаш, желбата да тренирам фудбал се наметна во мојот живот, а со професионалните тренинзи почнав на седумгодишна возраст.



Тренинарм шестпати неделно, но понекогаш имам и два тренинга дневно и тогаш е малку понапорно, но се навикнав. Од понеделник до среда тренинзите имаат појак интензитет и психички се подготвувам за натпревар, кој почесто се случува да се игра во сабота.

Времето за одмор максимално го искористувам, се одморам, читам книги, гледам филмови, се дружам, излегувам. За мене од големо значење е тоа што имам хобија, а тоа се тенисот и пинг-понгот. Кој е клубот во кој ти почна со тренинзи? - Како што напоменав, на седум години првпат почнав да тренирам фудбал во домашниот клуб ФК „Вардар“, кој е сè уште мој матичен клуб. На почетокот, покојниот Момчило Грошев ми беше првиот тренер од кого научив

што значи да се стремам да станам професионален играч. Тој ми го покажа патот до вистинскиот врв и сè уште тренирам и сум играч на истиот тим. Која е твојата позиција во фудбалкиот тим? - Засега, мојата позиција е лево и десно крило, односно лев и десен играч за врска или, спортски кажано, позиција полушпиц. За мене оваа позиција во фудбалскиот тим е само предизвик да бидам сè подобар и подобар, што не значи дека и од овој агол на теренот е лесно зашто мора да ја чувам топката од противничкиот тим. Како професионален играч кој се занимава со овој спорт, сигурно имаш омилен фудбалски клуб за кој страствено навиваш, како и омилен фудбалер. Кои се тие? - Така е. Како и секое момче што се занимава со спорт, и јас имам омилен фудбалер и фудбалски тим за кого навивам и посебно се интересирам за сите новитети од тој аспект. Мојот омилен играч и инспирација во фудбалот е Кристијано Роналдо. Во домашната лига, се разбира, омилен клуб ми е матичниот „Вардар“, а од интернационалните, ја сакам шпанска „Барселона“. Како и секој спортист, веројатно се стремиш да бидеш во првите редови на твојот клуб. Сонуваш ли за репрезентацијата на Македонија или повеќе за некој странски фудбалски тим во кој би ја продолжил твојата спортска кариера? - Секако дека секој од нас играчите сака да биде дел од репрезентативниот тим на Република Македонија, но свесен сум дека е сè уште рано за овој ангажман. Јас во мојот клуб играм во категоријата младинци и имам уште многу фудбалски терени да истрчам за да дојдам до тоа ниво. Инаку, моја прва желба ми беше да играм за клубот во кој сум и сега, но понатаму во првиот тим во истиот клуб. Што се однесува до некој светски фудбалски тим, би сакал да заиграм во мојата омилена држава,



Италија, а особено би ми било драго да бидам ангажиран од фудбалскиот клуб „Милан“. Кои се твоите, односно со твојот фудбалски клуб, најголеми достигнувања? - Заедно со мојот фудбалски тим имаме освоено трето место во Гуча, Србија, четврто место на турнирот во Јагодина, Србија, второ место во Купот на младинци во 2011-2012 година и, најновото, она што сите нас нè радува, е учеството во полуфинале во Купот на младинци за 2014 година. Секое освоено место за мене е многу значајно и поседува посебно место во спортското катче во мојата соба.



# ЗАЕДНИЧКИ ЗА ПОБЕЗБЕДЕН И ПОУРБАН КАРПОШ

На координативната средба која се одржа во средата (28.05) во просториите на локалната самоуправа, самостојните референти од 14-те урбани заедници во Карпош, во присуство на градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, поднесоа детален извештај за безбедноста во својот реон, до командирот на полициската станица Карпош. Во рамките на работната средба, се говореше за конкретните мерки и предлози, со кои би се подигнала безбедноста и сигурноста на карпошани на повисоко ниво.

Веднаш потоа, претставниците од локалната самоуправа од Карпош одржаа координативен состанок со претставниците од ЈП ,,Водовод и канализација'' –Скопје и ЈП ,,Паркови и зеленило'' – Скопје. Со приложената документација, административците од Карпош укажаа на потребите за интервенција во инфраструктурната мрежа и хортикултурните потези на територија на Општината. Според фактографскиот материјал кој им беше доставен, Јавните служби навремено ќе превземат мерки со кои ќе се отстранат дефектите во водоводната и канализационата мрежа и ќе се поткастрат гранките од старите дрва, кои ја загрозуваат безбедноста на граѓаните.



# ПОБЛИСКИ ЕДНИ КОН ДРУГИ

Успешна завршница на овогодинешниотпроектзаМеѓуетничка интеграција во образованието

Совидеопрезентацијанадосегашните активности меѓу двете збратимени училишта, ООУ ,,Јан Амос Коменски'' – општина Карпош и ООУ ,,Сабедин Бајрами'' од село Камењане, Тетовско, заврши овогодинешниот дел од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.

Во рамките на свеченоста која се одржа во четвртокот (20.05) во ООУ ,,Јан Амос Коменски'', присуствуваше делегација од ученици и наставници од ООУ ,,Сабедин Бајрами'', советот на родители, претставници на УСАИД и Министерството за образование и наука, како и стручните лица од Одделението за образование и култура од општина Карпош и Бирото за развој. Координаторите на проектот од двете партнерски училишта, говореа за позитивните ефекти од реализираните заеднички активности кои вродија со трајни пријателства и размена на непроценливи искуства. Досегашната успешна соработка се предвидува да продолжи и до година, со што ќе се продлабочат релациите на соработка на ниво на ученици, наставници и родители. Целта на проектот е преку повеќе тематски културно-едукативни содржини и дружење, да се надминат меѓуетничките бариери кои постојат во нашето општество. -Ќе констатирам дека нашето училиште е побогато за еден нов пријател. Меѓусебната соработка со наставниот кадар, родителите и учениците од ООУ ,,Сабедин Бајрами'' не сплоти во нераскинлива врска. Праксата вели дека ја постигнавме целта, со што добивме дополнителен мотив да ги продлабочиме пријателските односи – истакна директорката на ООУ ,,Јан Амос Коменски'', Емилија Арсовска. Со истиот ентузијазам говореше и директорот на тетовското основно училиште ,,Сабедин Бајрами'', господинот Лујдин Исмаили. -На самиот почеток на проектот, бевме скептични дека е можно да постигнеме ваков успех. Но, по заедничката соработка, работите тргнаа во позитина насока. Денес, со гордост можам да заклучам дека постои обострано задоволство од пријателските релации кои се развија меѓу нас. Во соработка со општина Карпош и општина Боговиње, идната година планираме реализација на заедничка екскурзија за учесниците во нашиот заеднички проект – додаде Исмаили.











# КАРПОШОВ КОНВОЈ ЗА НАШИТЕ СОСЕДИ

Со помош вредна околу 23.000 евра, карпошовци ја зголемија и потврдија својата солидарност и овој последен во низата хуман гест го донираа за соседните земји во кризните поплавени подрачја на Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Општинскиот конвој, во соработка со Црвениот крст, тргна да помогне во местата каде во моментов им е најпотребна помош. Камионот на Црвениот крст беше полн со околу 80 различни артикли и околу 14 тони вода и други пијалоци. Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски ја искажа својата благодарност до сите жители на Општината кои донираа и помогнаа за граѓаните кои останаа без своите домови.

-Ја видовме колкава е солидарноста и племеноста на граѓаните од општина Карпош преку нивната подготвеност да помогнат во поплавените подрачја, со тоа што донираа прехранбени производи, хигиенски средства, вода и многу други неопходни продукти. Се надеваме дека ова нема да биде последна акција и последен хуман гест на граѓаните на Карпош спрема сограѓаните, без разлика дали се работи за овдешните или граѓани надвор од државата.

Во изминатиот период, својата хуманост жителите од општина Карпош ја покажаа со донирање на конзервирана храна, прибор за јадење за еднократна употреба, душеци за спиење, вода и сокови, оставајќи ја својата хуманитарна помош на општинските штандови пред поголемите супермаркети а истовремено вратите на урбаните заедници беа отворени до доцните вечерни часови за сите добронамерни граѓани кои сакаат да дадат свој придонес кон помошта.
















BECKER


КЛУБ НА

# ЗА ПОДОБРО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО КАРПОШ

Санација на оштетувањето на постојната инфраструктура, поточно на улиците и тротоарите поради интервенции и отстранување на дефекти од страна на ЈП „Водовод и канализација", беше тема на дискусија меѓу првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, секретарите на 14 урбани и месни заедници во Карпош и директорот на ЈП „Водовод и канализација", Бојан Василевски. Од Општина Карпош, побарано е во иднина, во рок од 15 дена по отстранување на дефектите од страна на „Водовод и канализација", да се вратат улиците и тротоарите во првобитна состојба. Што се однесува до инвестиционите зафати што Општина Карпош ги планира на своја територија заедно со ова јавно претпријатие, беше констатирано дека приоритетно ќе биде подобрувањето на водоснабдувањето на граѓаните за кои тоа е реален проблем. Конкретно, станува збор за Средно Нерези и високите делови на Козле, како и населбите Трнодол, Жданец и улицата Леринска. Во таа насока, договорено е на 1 јули да почне и реконструкција на водоводната мрежа во населбата Криви Дол ( кај Меана Б), за и во овој дел да биде решен проблемот со водоснабдувањето.

Во рамки на меѓуинституционалната соработка, на работната средба, која се одржа во просториите на Општина Карпош, беа разменети информации и за проблемите со ЈП „Паркови и зеленило", кое беше претставувано од нејзиниот прв човек, Душан Авировиќ. Општина Карпош годишно вложува сума од околу 600.000 евра во одржување на зеленилото и на хигиената, иако тоа е исклучиво обврска на Градот Скопје и на Јавното претпријатие „Паркови и зеленило", што е видливо, беше констатирано на состанокот. Сепак, останува потребата да се зголеми грижата и одржувањето на булеварското зеленило сѐ до првата сервисна улица како обврска на јавното претпријатие. Директорот на ЈП „Паркови и зеленило", Душан Авировиќ, изрази благодарност за сѐ што прави Општина Карпош на планот на одржување на зеленилото, што е убав пример и за сите останати општини. На средбата беше договорено ова јавно претпријатија да ја зголеми активноста и околу кастрење на гранките и сечењето суви дрва, што е исклучиво нивна надлежност, а за што граѓаните понекогаш чекаат со месеци, па и цела година.



# ,,СОЛУНСКИ ПАТРДИИ'' ВО ИЗВЕДБА НА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Училишниот хол на ООУ ,,Димо Хаџи Димов'' во саботата (31.05) се претвори во раскошна театарска сцена, каде основците од Карпош, со бравурозната изведба на комедијата ,,Солунски патрдии'', ја крунисаа својата едногодишна активност во рамките на школата за драмски актери на општина Карпош. Живописната кореографија, прекрасните костими и начинот на кој младите актери ги анимираа ликовите од ова класично театарско дело, пробудија длабоки емоции и насмевки на лицата кај присутната публика.
Класичната комедија ,,Солунски патрдии'' од Миле Поповски, на својствен начин ја адаптираше Снежана Коневска-Руси, притоа експериментирајќи со традиционалните македонски обичаи, рефлектирани низ урбаните елементи на денешницата. На денешната културна манифестација присуствуваше и делегација од општина Карпош, предводена од градоначалникот, Стевчо Јакимовски. Во оваа пригода, општинскиот татко им додели сертификати на младите актери кои ја посетуваат оваа Школа.
-Ми претставува задоволство што низ овој систем на едукација, од година во година поминуваат се повеќе ученици од општина Карпош. Јас би бил навистина среќен, ако барем еден ученик од секоја генерација успее да ги реализира своите амбиции и стане успешен актер. Како прв човек на локалната самоуправа, сметам дека е од особена важност што општина Карпош издвојува средства од својот буџет, за поддршка и едукација на нашите млади актери. Меѓу другото, оваа поддршка за младите ја пружаме и во областа на спортот, образованието и културата – истакна Јакимовски.
Школата за драмски актери претставува проект кој е поддржан од општина Карпош и веќе четири години успешно функционира под водство на доајените на македонското глумиште, Димче Мешковски и Снежана Коневска-Руси. Во него учествуваат ученици од сите 10 основни училишта од Карпош.






За Карпош
кој го сакам!









# АТЛЕТСКИ КРАЈ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Во организација на општина Карпош и Одделението за спорт и култура при Општината, во саботата (31.05), на преполниот Амфитеатар, на кејот од реката Вардар, по петти пат се одржа училишниот атлетски крос. Во десет категории силите си ги одмерија сите ученици од основните училишта на териотрија на општина Карпош. За најдобрите атлетичари следуваа дипломи и пехари кој им ги додели Претседателот на Комисијата за спорт при Советот на општина Карпош, Давор Грче. Најдобрите постигнати резултати во десетте категории на овогодинешниот традиционален училишен крос се :

- Крос трчање 100 метри 5 одделение деветолетка (девојчиња) 1. Место за Бисера Тошевска од ООУ „Вера Циривири Трена“, 2. Место за Ана Алексова од ООУ „Димо Хаџи Димов“ и 3. Место за Медина Демири од ООУ „Аврам Писевски“ ,
- Крос трчање 150 метри5 одделение деветолетка (момчиња) 1. Место за Андреј Алексовски од ООУ „Димо Хаџи Димов“, 2. Место за Муамед Рамизов од ООУ „Аврам Писевски“ и 3. Место за Бојан Кралевски од ООУ „Вера Циривири Трена“ ,
- Крос трчање 150 метри 6 одделение деветолетка (девојчиња) 1. Место за Елена Колова од ООУ „Јан Амос Коменски“, 2. Место за Ива Настевска од ООУ „Јан Амос Коменски“ и 3. Место за Стефани Софтовска од ООУ „Димо Хаџи Димов“ ,
- Крос трчање 200 метри 6 одделение деветолетка (момчиња) 1. Место за Давид Наумовски од ООУ „Војдан Чернодрински“, 2. Место за Мартин Николоски од ООу „Петар Поп Арсов“ и 3. Место за Стефан Стратеф од ООУ „Димо Хаџи Димов“ ,
- Крос трчање 200 метри 7 одделение деветолетка (девојчиња) 1. Место за Елена Атанасовска од ООУ „Петар Поп Арсов“, 2. Место за Теодора Стојановска од ООУ „Димо Хаџи Димов“ и 3. Место за Ана Јовановска од ООУ „Јан Амос Коменски“ ,
- Крос трчање 250 метри 7 одделение деветолетка (момчиња) 1. Место за Стефан Николовски од ООУ



„Петар Поп Арсов“, 2. Место за Али Алитов од ООУ „Аврам Писевски“ и 3. Место за Лука Јованов од ООУ „Јан Амос Коменски“ ,

- Крос трчање 250 метри 8 одделение деветолетка (девојчиња) 1. Место за Марија Спасова од ООУ „Вера Циривири Трена„ , 2. Место за Марија Ѓорѓиева од ООУ „Вера Циривити Трена“ и 3. Место за Ивана Чивачки од ООУ „Јан Амос Коменски“
- Крос трчање 300 метри 8 одделение деветолетка (момчиња) 1. Место за Бесар Мемети од ООУ „Братство“ , 2. Место за Марко Ангеловски од ООУ „Лазо Трповски“ и 3. Место за Андреј Анѓеловиќ од ООУ „Лазо Трповски“, • Крос трчање 300 метри 8 одделение (девојчиња) 1. Место за Марија Кузевска од ООУ „Димо Хаџи Димов„ , 2. Место за Теа Терзиевска од ООУ „Владо Тасевски“ и 3. Место за Ангела Стојковска од ООУ „Јан Амос Коменски“,
- Крос трчање 350 метри 8 одделение (момчиња) 1. Место за Муамет Алитов од ООУ „Аврам Писевски“, 2. Место за Бојан Игновски од ООУ „Димо Хаџи Димов“ и 3. Место за Стојан Лисичков од ООУ „Лазо Трповски“.









